## АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 17-09.2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4456 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Јавно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонско радио - Прв програмски сервис;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 2 до 11 септември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 17 септември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*").
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*").
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Опфатени се девет изданија на „Пладневниот радио весник" како централна информативна емисија емитувана од понеделник до сабота, и едно издание на централната информативна емисија емитувана во

недела со почеток од 14 часот. Вкупното времетраење на мониторираниот примерок изнесува – 3 часа 23 минути и 26 секунди.

***Табела 1 - Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| Прв програмски сервис на Македонско радио | Траење | Процент |
|---|---|---|
| Влада на РМ | 00:45:29 | 22,75 % |
| СДСМ | 00:09:56 | 4,97 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:04:35 | 2,29 % |
| Привремена комисија | 00:01:22 | 0,68 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:17:22 | 8,69 % |
| Претседател на РМ | 00:06:58 | 3,49 % |
| Судство | 00:02:29 | 1,24 % |
| Други субјекти | 00:44:07 | 22,07 % |
| Локална самоуправа | 00:07:14 | 3,62 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:26:05 | 13,05 % |
| Собрание на РМ | 00:05:21 | 2,68 % |
| Граѓански сектор | 00:12:18 | 6,15 % |
| Без субјекти | 00:01:36 | 0,80 % |
| Јавно обвинителство | 00:01:30 | 0,75 % |
| Експерти/аналитичари | 00:08:23 | 4,19 % |
| ДИК и други органи | 00:01:11 | 0,59 % |
| АРМ | 00:00:17 | 0,14 % |
| ДОМ - Демократска обнова на Македонија | 00:02:38 | 1,32 % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:01:03 | 0,53 % |
| | **Вкупно: 03:19:54** | 100 % |

Жанровски, информациите од дневните општествени и политички настани во централниот „Пладневен радио весник" на Првиот сервис на Македонско радио, пренесени се неутрално, преку класичните новинарски облици на вест (во низа) и на извештај, со прецизно одредување на политичкиот или на институционалниот извор на информациите. И кај овој програмски сервис од Јавното радиодифузно претпријатие опфатот на темите главно ја следи хронолошката низа актуелни настани произлезени од „Договорот во Пржино" – најнапред преку извештај од собраниската расправа за избор на т.н. „Преодна Влада", потоа утврдувањето на избирачкиот список, начинот на кој ќе се спроведува медиумскиот мониторинг на изборниот процес, и преку рекапитулација на правно-политичките услови за предвремените парламентарни избори планирани за 11 декември 2016 година. Во низата вести и извештаи произлезени од прогласувањето на Мајка Тереза за светица, од протоколот поврзан со прославите на важни настани од поблиската историја на Република Македонија, како и од настани од „црната хроника" и од серијата земјотреси во Скопје и во околината – емитуван е еден, авторски, новинарски хронолошки осврт кон 25-те години независна Република Македонија, со времетраење од 3 минути и 32 секунди.

***Табела 2 - Директни обраќања на субјектите***

| Субјект | Траење | Процент |
|---|---|---|
| Влада на РМ | 00:14:56 | 26,76 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:03:17 | 5,88 % |
| Претседател на РМ | 00:05:32 | 9,92 % |

| | | |
|---|---|---|
| СДСМ | 00:03:19 | 5,94 % |
| Собрание на РМ | 00:00:59 | 1,76 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:04:45 | 8,51 % |
| Други субјекти | 00:15:12 | 27,24 % |
| Експерти/аналитичари | 00:04:17 | 7,68 % |
| Граѓански сектор | 00:01:00 | 1,79 % |
| Судство | 00:00:42 | 1,25 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:00:24 | 0,72 % |
| ДОМ - Демократска обнова на Македонија | 00:01:25 | 2,54 % |
| | **Вкупно:00:55:48** | **100 %** |

Без новинарски коментари, со неутрален пристап составен од соопштенија, вести, (во низа) и извештаи, ретката партиска политичка (ре)контекстуализација на актуелни општествено-политички теми и настани, беше проследена со критички интонирани изјави („*директни обраќања*") од опозициските - СДСМ и ДОМ, упатени директно кон одредени носители на функции на државната и на локалната власт во домените на урбанизмот, екологијата и на социјалната политика. Ваквиот пристап беше евидентиран во прилози чија тема беа - процесот и постапките за ревитализација на поплавените подрачја од скопско, и официјалните соопштенија од Државниот завод за статистика, во кои беа дадени споредбени податоци за процентот на (не)вработеноста, и на тенденциите во увозот и извозот на македонската економија.

Во статистиката од графите – „*други субјекти*", „*граѓански сектор*" и „*без субјекти*" - евидентирано е информативното време презентирано преку - изјави, разговори, интервјуа и/или анкети, отстапено за – индивидуи поврзани со чествувањето на Мајка Тереза, стопанските комори, синдикати од различни општествени домени, пратеници од поранешните состави на Собранието, хуманитарни организации, граѓани од поплавените подрачја, учесници на филмскиот фестивал „Браќа Манаки", студентски здруженија, адвокати и засегнати страни од судски постапки, здруженија на граѓани врз основа на различни општествени дејности или иницијативи.

***Сектор за програмски работи***